ЦРНА СЕ ЧУМА ЗАДАДЕ 3.5.2020

1. Прочитај ја народната песна „Црна се чума зададе“, во учебникот, на страна 182. Научи изразно да ја читаш.

Ѓорѓи Николов Делчев, попознат како **Гоце Делчев** е македонски национален херој, идеолог, организатор и водач на македонското револуционерно ослободително движење.

Роден е во Кукуш на 4 февруари 1872.

На денешниот ден - 4 мај, се навршуваат 117 години од неговата смрт во селото Баница во 1903година.

За Гоце Делчев се испеани и раскажани многу песни и приказни.

„Гоце Делчев“ е роман за деца на македонскиот писател Ванчо Николески.

2. Одговори на прашањата со целосни одговори!

а. Зошто кај автор на песната стои народна песна?

_____

_____

б. Зошто во песната Гоце Делчев е наречен кукушки војвода?

_____

_____

в. **„Јас го разбирам светот како поле за културен натпревар меѓу народите“** е позната мисла на Гоце Делчев. Како ти ја разбираш оваа негова мисла?

_____

_____

_____

г. Во чест на Гоце Делчев, многу институции во нашата земја, го носат неговото име. Дали во твоето место на живеење има:

а. улица која го носи името на Гоце Делчев да не

б. населба која го носи името на Гоце Делчев да не

Музичко бразование: Во чест на Гоце Делчев се одржува музички фестивал - „ГОЦЕ-ФЕСТ“ на денот на неговото раѓање. Преслушајте некоја од песните кои се испеани за Гоце Делчев на овој фестивал или некоја народна песна.

Нацртај го ликот на Гоце Делчев и испрати го цртежот до нашата страница.

име и презиме_____ http://odnasataucilnica.com